# ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА НОВИ СОРТИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр. 84 од 04.07.2007 година**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**
**Предмет на уредување**

Со овој закон се уредува постапката за заштита на новите сорти на земјоделски растенија, освен шумски растенија, како и начинот на постапката за стекнување и заштита на правата на селекционерот на заштитената нова сорта кај земјоделските растенија.

**Член 2**
**Цел на Законот**

Целта на овој закон е заштита на нови сорти кај сите видови земјоделски растенија, вклучувајќи ги и хибридите меѓу родовите и видовите кај земјоделските растенија.

**Член 3**
**Значење на поимите**

Поимите употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Селекционер е едно или повеќе домашни или странски правни или физички лица кои ја создавале, ја одгледуваат и одржуваат сортата;
2. Селекционо право е право на селекционерот кои произлегуваат од овој закон;
3. Носител на селекционо право е правно или физичко лице кое има право за поднесување на пријава за заштита на новата сорта и добило решение и сертификат за заштита на нова сорта;
4. Пријавувач е правно или физичко лице кое поднело пријава;
5. Сопственик на селекционото право е правно или физичко лице кое со заштитување на сортата се стекнува со селекционото право;
6. Сорта е група на растенија во рамките на значењето на најниската ботаничка класификација, ако е можно да се:
- определи со изразени карактеристики кои произлегуваат од одреден генотип или од комбинациј а од генотипови,
- разликува од која било друга група на растенија, барем по една од изразените карактеристики и
- третира како целина доколку тие карактеристики во размножувањето се постојани;
7. Заштитена сорта е сорта за која било издадено решение за заштита на нова сорта, кое содржи опис на сортата;
8. Заштитна мостра е дефинитивен примерок на семенски материјал од заштитената нова сорта;
9. Јавен интерес е интерес на државата за заштита и одржување на нови сорти;
10. Надлежен орган за заштита на новите сорти кај земјоделските

растенија е Управата за семенски и саден материјал во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
11. ДУС тест е постапка за признавање на сортата заснована на докажување на различност, еднообразност и стабилност на сортата според Конвенцијата на УПОВ;
12. Ген банка е институција во која трајно се чува и одржува семенскиот и садниот материјал на дивергентни популации и автохтони видови, со цел да се заштити биодиверзитетот и чување на дефинитивни примероци на семенски и саден материјал од сорти кои се запишани во Националната сортна листа и
13. УПОВ е Меѓународна унија за заштита на нови сорти растенија со седиште во Женева, Швајцарија.

## II. УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА СОРТАТА

### Член 4
### Критериуми за заштита

(1) Сортата се заштитува со добивање на селекционото право.
(2) Секоја сорта може да се заштити доколку е:
- нова,
- различна,
- еднообразна,
- стабилна и
- именувана согласно со одредбите од членот 10 на овој закон.

### Член 5
### Нова сорта

(1) Сортата се смета за нова, ако на денот на поднесувањето на пријавата за заштита на сортата, не била продавана или стопански искористувана од страна или без согласност на селекционерот на сортата во Република Македонија и тоа најмногу една година пред денот на поднесувањето на пријавата за заштита на нова сорта, а во друга земја најмногу четири години пред денот на поднесувањето на пријавата за заштита на нова сорта, а за повеќегодишните овошни растенија и винова лоза, најмногу шест години пред денот на поднесувањето на пријавата за заштита на нова сорта.
(2) Како продажба или стопанско искористување на новата сорта, во смисла на ставот (1) од овој член, не се смета:
- пренос на правата на сортата со договор,
- договорено производство, размножување, доработка или складирање на семенскиот материјал или производите од таа сорта за сметка на носителот на правото, под услов носителот на правото да го сочува ексклузивното сопственичко право за размножување на семенскиот материјал, производите од сортата или производите од нив,
- испитување на сортата на поле или во лабораторија, односно во експериментално производство со цел да се утврди употребната вредност на сортата, ако тоа го прави носителот на правото или од него овластено лице,

- официјално испитување на сортата, заради упис во националната сортна листа, односно проценување на ризикот кај генетски модифицираните сорти и
- продавање на земјоделски производи кои настанале како споредни производи, односно вишоци при развојот на новата сорта, под услов тие производи да се наменети за крајна употреба и да не е наведено името на сортата.

**Член 6**
**Различна сорта**

(1) Сортата е различна доколку јасно се разликува од која било друга општо позната сорта на денот на поднесувањето на пријавата за заштита на нова сорта.
(2) Сортата се смета за општо позната доколку до денот на поднесувањето на пријавата во Република Македонија:
- е запишана во националната сортна листа во која било држава до денот на поднесувањето на пријавата,
- е поднесена пријава и постапката е завршена со која сортата се запишува во Националната сортна листа во која било држава и
- со семенскиот материјал на сортата или производот на сортата веќе се тргувало или истиот се употребувал заради стекнување на профит.

**Член 7**
**Еднообразна сорта**

Сортата е еднообразна доколку нејзините карактеристики кои се од суштинско значење за разликување од другите сорти се доволно еднообразно изразени и покрај промените на карактеристиките кои можат да се очекуваат при размножувањето.

**Член 8**
**Стабилна сорта**

Сортата е стабилна доколку нејзините карактеристики кои се од суштинско значење за разликување од другите сорти остануваат непроменети по повеќекратно размножување или во случај на размножување во циклуси на крајот од секој таков циклус, карактеристиките на сортата останале постојани и непроменети.

**Член 9**
**Означување на нова сорта**

Заштитената сорта треба да биде означена со име кое е нејзина ознака за разликување од другите заштитени сорти, согласно со членот 10 од овој закон.

**Член 10**
**Име на заштитена нова сорта**

(1) Како име на заштитена нова сорта може да се регистрира секоја ознака која овозможува разликување на сортата од друга сорта и може да е збор, комбинација од зборови, комбинација на зборови и броеви или комбинација на букви и броеви, освен доколку со овој закон поинаку не е

определено.
(2) Како име на заштитена нова сорта не смее да се регистрира ознаката која:
- не е соодветна од јазични причини,
- оневозможува идентификација на сортата,
- е составена само од бројки, освен ако во земја поинаку не е уредено,
- е еднаква или слична на името на која било друга општо позната сорта од група видови растенија, додека тоа е во употреба,
- доведува во заблуда или предизвикува забуна во поглед на потеклото, особините, вредностите, употребата, препознатливоста на географското потекло,
- е составена од ботаничко или општо познато име на род или вид или го вклучува таквото име кое може да доведе до заблуда,
- вклучува зборови како род, вид, сорта, форма, хибрид или превод на тие зборови на друг јазик,
- доведува до заблуда во поглед на селекционерот или носителот на селекционото право,
- е во спротивност со јавниот ред и морал и
- е во спротивност со прописите на индустриската сопственост.
(3) Доколку определена сорта веќе е запишана во Националната сортна листа или за таков упис е поднесена пријава во која било држава потписничка на меѓународни спогодби или конвенции, кои ги потпишала, односно кон кои пристапила Република Македонија, во Република Македонија може да се регистрира само името на сортата која била регистрирана, запишана во националната сортна листа или наведена во пријавата во друга држава.
(4) По исклучок од ставот (3) на овој член во Република Македонија може да се регистрира определена сорта под друго име, само доколку употребата на првобитното име не била соодветна од јазични причини или затоа што тоа би било во спротивност со јавниот ред и морал.
(5) Начинот на пријавување на името на заштитената нова сорта кај одделните видови на земјоделски растенија од ставот (4) на овој член го пропишува министерот за земј оделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: министерот).

**Член 11**
**Употреба на името**

(1) Употребата на името на заштитената нова сорта е задолжително. Семенскиот материјал на заштитената нова сорта може да се пушти во трговија само ако е назначено и името на ново заштитената сорта. Обврската за употреба на името на заштитената нова сорта продолжува и по престанокот на заштитата на сортата согласно со членот 21 став (6) од овој закон.
(2) Одредбата од ставот (1) на овој член не се применува доколку семенскиот материјал на заштитената нова сорта се употребува во некомерцијални цели.
(3) Заштитената нова сорта мора да е означена со истото регистрирано име во сите држави, освен во случајот од членот 10 став (4) на овој закон.
(4) Во трговија со семенскиот материјал на заштитената нова сорта

може, покрај регистрираното име, да се употребува и име на трговска марка, односно друга ознака под услов регистрираното име да е јасно видливо и препознатливо.
(5) Името на заштитената нова сорта или име кое може да се замени со тоа име не смее да се употребува за некоја друга сорта од исти или сродни видови на земјоделски растенија.

## III. ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА ЗАШТИТА

### Член 12
### Право на заштита

(1) Заштитата на новата сорта има право да побара селекционерот, неговиот правен следбеник или законскиот наследник.
(2) Ако при создавањето на сортата учествувале повеќе селекционери заедно, заедничко право на заштита им припаѓа ним или на нивните законски наследници. Во случај кога едно или повеќе лица, кои учествувале во создавањето на новата сорта, се откажат од правото на заштита останатите лица, кои учествувале во создавање на сортата, можат да го остварат тоа право.
(3) Ако создавањето на сортата е врз основа на договор за вработување меѓу вработениот и работодавачот, согласно со задачите, вработениот да создава нови сорти, правото на заштита на новата сорта му припаѓа на работодавачот. Кога меѓусебните права и обврски се регулирани со друг договор, правото на заштита на новата сорта се утврдува со тој договор.

### Член 13
### Лица кои имаат право да поднесат пријава за заштита на нова сорта

(1) Пријава за заштита на нова сорта може да поднесе лице или селекционер, согласно со членот 12 став (1) од овој закон, кои се државјани на Република Македонија, други физички лица со постојан престој во Република Македонија или правни лица со седиште во Република Македонија.
(2) Странските правни и физички лица во поглед на селекционото право во Република Македонија имаат исти права како домашните лица, ако тоа произлегува од меѓународните договори кои ги склучила или кон кои пристапила Република Македонија или врз основа на реципроцитет. Реципроцитетот го докажува лицето кое се повикува на реципроцитетот.
(3) Странските правни и физички лица во постапката пред надлежниот орган, согласно со членот 19 од овој закон, своите права ги остваруваат со поднесување пријава преку овластени застапници кои се домашни правни или физички лица и се занимаваат со застапување во постапката за заштита на нова сорта.

## IV. СЕЛЕКЦИОНО ПРАВО

### Член 14
### Стекнување на селекционо право

(1) Селекционерот се стекнува со селекционо право на заштитена нова сорта со упис на тоа право во регистарот на заштитени нови сорти од членот 21 на овој закон.
(2) Селекционото право е право за економско користење на заштитената нова сорта.

### Член 15
### Овластување од селекционерот

(1) Овластување од селекционерот е потребно кога заштитената нова сорта се користи од правни и физички лица за:
- производство или размножување,
- продажба и
- извоз и увоз.

(2) Овластувањето од ставот (1) на овој член е потребно и кога:
- семенскиот материјал е добиен без овластување за размножување од заштитената нова сорта и
- селекционерот од оправдани причини не бил во можност да побара селекционо право за материјалот за семенскиот материјал на таа сорта.

(3) Во случаите од ставот (1) на овој член не е потребно овластување за:
- сорта која е издвоена од заштитената сорта, ако и самата заштитена сорта не е издвоена сорта,
- сорти кои јасно не се разликуваат од заштитената сорта и
- сорти, односно хибриди за чие производство е потребно постојано користење на заштитената сорта.

(4) Сортата се смета за издвоена сорта од друга сорта доколку:
- е претежно издвоена од изворната (почетната) сорта или друга сорта која и самата е претежно издвоена од изворната сорта и
- јасно се разликува од изворната сорта барем по едно својство.

### Член 16
### Исклучоци во однос на селекционото право

(1) Селекционото право може да се користи без овластување од селекционерот:
- за сопствени некомерцијални цели,
- за експериментални цели,
- за селекционирање на друга сорта и
- ако заштитената нова сорта од одделни видови земјоделски растенија производителот ја произведува на својот имот за сопствена употреба и на носителот на селекционото право му плаќа соодветен надоместок, освен малите производители на семенски материјал.

(2) Надоместокот од ставот (1) алинеја 4 на овој член е понизок од лиценцното производство на материјалот за размножување од таа сорта на истото подрачје.
(3) Производителот кој ја користи за натамошна сеидба согласно со ставот (1) алинеја 1 од овој член е должен на барање на носителот на

селекционото право на селекционерот да му ги достави сите податоци во врска со натамошната репродукција.
(4) Малите производители на семенски материјал од заштитена нова сорта ги определува министерот во зависност од видот и сортата на растенијата.

**Член 17**
**Користење на селекционото право**

Овластување од селекционерот не е потребно за користење на делови од растенија, за натамошно размножување, освен кога се однесува за:
- натамошно размножување на сортата или
- извоз во земј а во кој а не се заштитени новите сорти од родовите и видовите на кои им припаѓа сортата.

**Член 18**
**Траење и престанок на правото на заштита**

(1) Селекционото право за виновата лоза, овошните растенија, хмељот и компирот трае 25 години, а за сите други родови или видови трае 20 години од денот на добивањето на селекционото право до крајот на календарската година.
(2) Ако за време на постапката за заштита на новата сорта, истата е искористувана за економски цели, спротивно на членот 15 од овој закон, лицето кое поднело уредна пријава за доделување на селекционо право, има право на соодветен надоместок на штета, според општите прописи за надоместок на штета, но само за периодот од датумот на објавувањето на пријавата во "Службен весник на Република Македонија" до датумот на признавањето на селекционото право.
(3) Селекционото право престанува да важи, ако:
- носителот на селекционото право се откаже,
- е истечен рокот од ставот (1) на овој член и
- се поништи решението со кое било добиено тоа право.

## V. ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА НА СОРТАТА

**Член 19**
**Надлежен орган**

Управата е надлежна да:
- води управна постапка за заштита на новата сорта и регистрација на името на новата сорта,
- води регистар на пријави за заштита на нови сорти и регистар на заштитените нови сорти,
- објавува во "Службен весник на Република Македонија" податоци за пријавите, вклучувајќи го предлогот за името на сортата, одбивањето на пријавите, уписот и евентуалните промени на запишувањата во регистарот на пријавите, повлекувањето на пријавите, решенијата за заштитување на новата сорта и нејзините евентуални промени, како и други службени известувања,

- соработува со други државни органи на управата, меѓународни организации и здруженија, со здруженија на граѓани, како и со невладини организации од областа на заштита на новите сорти,
- разменува резултати од испитувањата на сортите и други информации од својата надлежност со надлежните органи од другите држави,
- врши контрола за исполнувањето на обврските на носителите на селекционото право и
- врши други работи утврдени со овој закон.

**Член 20**
**Комисија за заштита на нова сорта**

(1) Постапката за заштита на новата сорта врз основа на пријавата и доставената документација ја води Стручна комисија за заштита на нови сорти земјоделски растенија .

(2) Комисијата за заштита на новите сорти земјоделски растенија (во понатамошниот текст: Комисијата), ја именува Владата на предлог на министерот . Комисијата е составена од пет члена, од кои четири члена се избираат од редот на експерти со најмалку седум години работно искуство од областа на растителното производство и еден член од вработените од Управата кои меѓу себе избираат претседател и негов заменик. Претседателот на Комисијата го избираат членовите. Претседателот и членовите на Комисијата се избираат за време од четири години со можност за повторен избор. Претседателот и членовите имаат право на надоместок, чија висина ја определува министерот, а се обезбедува согласно со Програмата за заштита на нови сорти земјоделски растенија.

(3) Начинот на работата на Комисијата се утврдува со Деловник за работа на Комисијата.

(4) Комисијата најмалку еднаш годишно до министерот поднесува извештај за својата работа.

**Член 21**
**Регистри**

(1) Управата води регистар на пријави за заштита на нови сорти и регистар на заштитени нови сорти.

(2) Во регистрите се запишуваат податоци во врска со поднесените пријави и доделените права.

(3) Во регистарот на пријавени и заштитени нови сорти се води евиденција, најмалку за 15 вида на земјоделски растенија, а по зачленувањето на Република Македонија во УПОВ во рок од десет години ќе се води за сите видови и сорти од земјоделски растенија.

(4) Во регистарот на пријавите се води евиденција за:
- податоци за пријавувачот, селекционерот или за овластениот застапник,
- датум на поднесување на пријавата,
- растителен род и вид,
- предлог за привремена ознака на сортата, односно предлог за името на сортата,
- предлог за запирање односно прекинување на постапката и
- забелешки за решенија на судовите во врска со правото за поднесување

на пријавата.
(5) Во регистарот на заштитени нови сорти се води евиденција за:
- растителниот род и вид и регистрираното име на сортата со сите синоними,
- опис на сортата и соодветни документ,
- сорти чие одгледување бара постојана употреба на одредени состојки за производство на семенски материјал на заштитена сорта се наведуваат и тие состојки,
- име и презиме на носителот на селекционото право, селекционерот или овластениот застапник,
- датум на започнување и престанување на заштитата на сортата со причините за престанокот,
- име и адреса на лицето кое со договор за лиценца му е пренесено правото за економско користење на сортата,
- име и адреса на лицето на кое му била доделена присилната лиценца, со наведување на условите под кои била доделена и датумот на престанок на тоа право и
- забелешки за решенијата на судовите во врска со селекционото право.
(6) Управата мора да ја чува збирката на документи за поединечни случаи во оригинал или копии најмалку уште пет години по повлекување или одбивање на пријавата, односно пет години по престанок на селекционото право.
(7) Видовите и сортите кај кои се врши задолжителна заштита, формата и содржината и начинот на водење на регистарот за пријавите за заштита на новите сорти и регистарот на заштитените нови сорти ги пропишува министерот.

**Член 22**
**Јавност на регистрите**

(1) Регистарот на пријавите и регистарот на заштитените нови сорти се јавни. Регистрите се достапни на јавноста само во присуство на службено лице. На писмено барање на заинтересирани лица Управата издава извод од регистрите во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.
(2) Управата е должна на писмено барање на секое лице кое ќе докаже дека има право за тоа, да овозможи достапност до својата документација и информациите за поднесените пријави и признаените, односно доделените права, со исклучок на документацијата која не е објавена во "Службен весник на Република Македонија", а во врска со:
- документи кои се поднесуваат со пријавите,
- документи кои се однесуваат на добиени селекциони права и
- документација за службени испитувања на сортите.
(3) Пријавувачот може да побара податоците во врска со составот на сортата да не се достапни на јавноста.
(4) По исклучок од ставот (1) на овој член може да се побара во случај на хибрид, и тоа за време на траење на постапката за заштитата на новата сорта, како и после извршената заштита, податоците да не бидат достапни на јавноста.
(5) Документацијата и информациите од ставот (2) на овој член, како и

други услуги што се во врска со заштитата на новата сорта и добивањето на селекционото право, се достапни доколку барателот ги намирил направените трошоци.

**Член 23**
**Трошоци за постапка**

(1) Во постапка за заштита на новата сорта и за одржувањето на селекционото право, подносителите на прij авата, односно носителите на селекционото право, плаќаат трошоци за направената постапка за признавањето, односно давањето на правото.

(2) Висината на посебните трошоци на постапката од ставот (1) на овој член и на трошоците за давање на информативни услуги од членот 22 став (5) на овој закон во зависност од видот на растението, сложеноста на постапката и времето потребно за стручно оценување на сортата, ги утврдува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии и истите се приход на Буџетот на Република Македонија.

**Член 24**
**Управна постапка за заштита на нова сорта**

(1) Во постапката за заштита на новата сорта и стекнување на селекционото право, во прв степен решава Управата.

(2) Во управната постапка Управата постапува согласно со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, а за се што не е предвидено со овој закон се применува Законот за општата управна постапка.

(3) Против решението донесено од директорот на Управата, странката има право на жалба до министерот.

(4) Жалбата се поднесува во рок од 30 дена од денот на доставувањето на решението до странката.

**Член 25**
**Започнување на постапката за заштита на нова сорта**

(1) Постапката за заштита на новата сорта започнува со поднесување на пријава до Управата.

(2) За секоја нова сорта за која се бара заштита се поднесува посебна пријава.

(3) Уредната пријава треба да ги содржи најмалку следниве податоци:
- податоци за сортата чија заштита се бара,
- податоци за подносителот на пријавата, односно уредното полномошно од неговиот застапник,
- податоци за селекционерот доколку тој самиот не е подносител на пријавата,
- податоци за заедничкиот претставник, доколку во создавањето на сортата учествувале повеќе селекционери,
- латинско и македонско име на видот на кој и припаѓа новата сорта,
- предлог за името на новата сорта, односно привремена ознака на новата сорта,
- технички опис на сортата,
- податоци за тоа дека сортата е добиена со помош на генетски

инженеринг. Во тој случај со пријавата треба да се приложи и претходна согласност за испитување на таа сорта, согласно со прописите на генетски модифицирани организми и

- уплатена пропишана такса за пријавата и доказ за извршената уплата.

(4) Кон пријавата од ставот (1) на овој член се доставуваат и други податоци и прилози на барањето на Управата.

(5) Ако Управата утврди дека пријавата не е уредна го повикува подносителот на пријавата во рок од 30 дена, сметајќи од денот на приемот на повикот, да ги отстрани утврдените недостатоци.

(6) На образложено барање од подносителот на пријавата може од оправдани причини рокот од ставот (1) на овој член да се продолжи најмногу уште за 60 дена.

(7) Ако подносителот на пријавата во определениот рок не ги отстрани утврдените недостатоци и не ги плати трошоците од членот 23 став (1) на овој закон, пријавата со заклучок се отфрла.

(8) Податоците од отфрлената или повлечената пријава се запишуваат во регистарот на пријави и се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

(9) Начинот и формата на пријавата од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот.

**Член 26**

**Датум на поднесување и на објавување на пријавата**

(1) Како датум на поднесување на пријавата се смета датумот на прием на пополнетата пријава во Управата.

(2) Податоците од пополнетата пријава се запишуваат во регистарот на пријавите и на подносителот на пријавата му се издава, а Управата пријавата ја објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(3) Ако подносителот на пријавата ги отстрани недостатоците во предвидениот рок утврден во членот 25 ставови (5) и (6) од овој закон, Управата го утврдува датумот на поднесувањето на пријавата.

Член 27 Право на првенство

(1) На правно или физичко лице кое во земја членка на меѓународни договори и спогодби кои ги потпишала или кон кои пристапила Република Македонија, поднело уредна пријава за заштита на нова сорта ќе му се признае право на првенство во Република Македонија од денот на поднесувањето на пријавата.

(2) За уредна пријава се смета пријавата чиј датум на поднесување е утврден согласно со националното законодавство на земјата во која е поднесена пријавата.

(3) Ако подносителот на пријавата бара право на првенство согласно со ставот (1) од овој член е должен во пријавата поднесена во Република Македонија да ги наведе сите податоци за пријавата на која се повикува (држава, датум и број на пријавата) и во рок од 12 месеца од поднесувањето на пријавата да приложи препис на првата пријава заверена од надлежниот орган на земјата членка во која е поднесена првата пријава, како и превод на првата пријава на македонски јазик.

(4) Правото на првенство од ставот (1) на овој член подносителот на пријавата мора изричито да го побара во пријавата.

(5) Подносителот на пријавата може да побара право на првенство во Република Македонија во рок од две години од денот на поднесувањето на првата уредна пријава во земјата членка.

**Член 28**
**Приговор на објавената пријава**

(1) Приговор на објавената пријава во "Службен весник на Република Македонија" согласно со членот 26 став (1) од овој закон може да поднесе лице кое има право за тоа. Приговорот може да се поднесе до Управата додека трае постапката за пријавување на правото на заштита на нова сорта.
(2) Приговорот може да се поднесе само за исполнувањето на условите за заштита на новата сорта, согласно со членовите 4, 5, 6, 7, 8 и 10 од овој закон, односно на оправданоста за заштита согласно со членот 12 од овој закон.
(3) Приговорот се поднесува во писмена форма со образложение. Кон приговорот се приложуваат и соодветните докази во врска со приговорот.
(4) За секоја објавена пријава, ако се повредени правата на сопственикот, се поднесува посебен приговор.

**Член 29**
**Испитување на приговорот**

(1) Управата проверува дали приговорот е поднесен од лице кое има право на поднесување приговор, во смисла на членот 28 став (1) од овој закон, и дали приговорот е поднесен во пропишаниот рок.
(2) Ако не се исполнети условите од ставот (1) на овој член Управата донесува заклучок за отфрлање на приговорот.
(3) Ако се исполнети условите од ставот (1) на овој член Управата го доставува приговорот до подносителот на пријавата и го повикува во рок од 30 дена да ги образложи причините наведени во приговорот.
(4) Ако подносителот на пријавата во предвидениот рок од ставот (3) на овој член не ги образложи причините наведени во приговорот Управата ќе одлучи врз основа на наводите во приговорот.
(5) Управата за своето мислење го известува подносителот на приговорот во рок не подолг од 90 дена.

**Член 30**
**Испитување на содржината на пријавата и името на сортата**

(1) Управата ја испитува содржината на пријавата и врз основа на податоците наведени во пријавата проверува дали сортата е нова, стабилна, постојана и дали подносителот на пријавата има право за добивање на селекционо право. Доколку се утврди дека не се исполнети условите за добивање на селекционото право, согласно со членовите 5 и 12 од овој закон, пријавата се одбива.
(2) Управата ја испитува и соодветноста на името на новата сорта. Во случај предложеното име на новата сорта да е во спротивност со одредбите од членот 10 на овој закон, Управата го повикува подносителот на пријавата да предложи ново име за сортата во рок не подолг од 60 дена од приемот на повикот.

(3) Управата во постапката за заштита на новата сорта ќе го употребува исклучиво името на сортата кое е запишано во регистарот на пријавите за заштита на новата сорта.

**Член 31**
**Стручно оценување на сортата**

(1) Ако се исполнети условите предвидени во членовите 26 и 29 од овој закон, се врши стручно оценување на новата сорта со цел да се:
- провери дали сортата припаѓа на систематската единица, односно растителен род или вид кој е наведен во пријавата,
- утврди дали сортата е различна, еднообразна и стабилна согласно со членовите 6, 7 и 8 од овој закон и
- подготви опис на сортата, доколку таа ги исполнува условите од алинеите 1 и 2 на овој став.

(2) Стручното оценување на новата сорта се врши врз основа на резултатите добиени од испитувањето на сортата на поле и во лабораторија (ДУС - тест), направен во Република Македонија или во друга земја од надлежен орган.

(3) Стручното оценување на новата сорта може да го врши:
- Управата или Стручната комисија од членот 20 на овој закон или надлежниот орган во странство,
- доколку испитувањата се вршени во споредбени агроклиматски, односно агроеколошки услови согласно со пропишаните постапки и методи и
- по барање на пријавувачот и подносителот на пријавата по одобрување од Управата.

(4) Управата може при стручното оценување на новата сорта да ги употреби резултатите од испитувањето на сортата добиени од друга земја која има соодветни агроеколошки услови како во Република Македонија, доколку испитувањето е извршено во рамките на меѓународните системи за испитување и доколку доказите за резултатите се изведени врз основа на меѓународните договори кои ги склучила или кон кои пристапила Република Македонија.

(5) Начинот на работа и постапките за стручното оценување на новата сорта ги пропишува министерот.

**Член 32**
**Обезбедување услови за стручно оценување на сортата**

(1) Подносителот на пријавата треба во рокот определен со членовите 26 и 29 од овој закон да ги достави потребните податоци, документи и семенски материјал за стручното оценување на новата сорта согласно со членот 31 став (1) од овој закон.

(2) Доколку подносителот на пријавата без оправдани причини не ги исполни барањата од ставот (1) на овој член Управата со решение ќе ја одбие пријавата.

**Член 33**
**Решение и сертификат за заштита на нова сорта**

(1) Ако со стручното оценување се утврди дека сортата ги исполнува

условите од членот 31 на овој закон и подносителот на пријавата ги исполнува сите потребни услови, министерот ќе донесе решение за заштита на новата сорта.

(2) Податоците од правосилното решение за заштита на нова сорта се запишуваат во регистарот на пријавени и во регистарот на заштитени нови сорти и се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

(3) Со правосилноста на решението за заштита на нова сорта на носителот на селекционото право, министерот издава сертификат за добивање на селекционо право. Сертификатот за добивање на селекционо право важи од денот на правосилноста на решението за заштита на нова сорта, а се издава во рок од шест месеца од денот на правосилноста на решението и се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(4) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба до Владата на Република Македонија - Комисија за решавање на управни работи во втор степен од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и ветеринарството.

(5) Формата и содржината на решението и сертификатот за заштита на нова сорта ги пропишува министерот.

**Член 34**

**Престанок на селекционото право**

(1) Селекционото право ќе престане пред истекот на неговота важност доколку тоа со писмена изјава го побара носителот на селекционото право.

(2) Доколку носителот на селекционото право поднесе писмена изјава до Управата со која се одрекува од селекционото право согласно со членот 18 став (3) алинеја 1 од овој закон, Управата издава решение за престанување на селекционото право.

(3) Селекционото право престанува наредниот ден од денот кога била уредно доставена изјава на носителот на селекционото право од ставот (2) на овој член.

(4) Врз основа на правосилноста на решението, престанувањето на селекционото право се запишува во регистарот на заштитени нови сорти и се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 35**

**Постапка за поништување на решението за заштита на нова сорта**

(1) Решението за заштита на новата сорта ќе се поништи доколку се утврди дека не постоеле услови предвидени со овој закон за признавање на тоа право, односно доколку се утврди дека:

- на денот на приемот на пополнетата пријава согласно со членот 5 од овој закон сортата не била нова или согласно со членот 6 од овој закон не била различна,
- сортата која била заштитена, пред се, врз основа на податоците кои ги доставил подносителот на пријавата, на денот на приемот на пополнетата пријава согласно со членот 7 од овој закон не била еднообразна или согласно со членот 8 од овој закон не била стабилна и
- селекционото право е доделено на лице за кое не постоел правен основ да биде подносител на правото, а лицето кое имало право на тоа, согласно

со членот 37 од овој закон, не побарало присилен пренос на селекционото право.
(2) Решението за заштита на новата сорта може да се поништи за сето време на траење на заштитата и тоа по службена должност на предлог на заинтересираното лице или со судска одлука.
(3) Предлогот за поништување на решението се поднесува во писмена форма до Управата.
(4) Кон предлогот од ставот (2) на овој член подносителот е должен да ги достави потребните докази.
(5) Управата е должна во рок од 15 дена од приемот на предлогот да му го достави предлогот на носителот на правото и да го повика да се изјасни во определен рок кој не може да биде подолг од 60 дена од приемот на известувањето.
(6) Решението со кое се поништува решението за заштита на нова сорта се запишува во регистарот на заштитени нови сорти и се објавува во "Службен весник на Република Македонија".
(7) Ако се утврди дека не постоеле услови предвидени во ставот (1) на овој член, министерот со решение го поништува претходно донесеното решение за заштита на новата сорта

**Член 36**
**Поништување на решението**

Управата го поништува решението за заштита на новата сорта без согласност или барање на странките доколку тврди дека носителот на селекционото право:
- не ги исполнил обврските согласно со членот 44 од овој закон или согласно со членот 7 од овој закон сортата не е веќе еднообразна или согласно со членот 8 од овој закон сортата не е стабилна,
- на писмено барање до Управата во предвидениот рок не достави материјал за размножување и друга документација за потврдување на одржување на сортата согласно со членот 44 од овој закон,
- на писмено барање од Управата во предвидениот рок не доставил нов предлог за име на сортата согласно со членот 38 став (1) од овој закон и
- во предвидениот рок не ја плати таксата за одржување на важноста на селекционото право согласно со членот 43 од овој закон.

**Член 37**
**Пренесување на селекционото право**

(1) Доколку лице кое немало право да поднесе пријава за заштита на нова сорта, поднело пријава или му е признаето селекционото право, лицето кое имало право да поднесе пријава за заштита на нова сорта може да отпочне постапка за да го пренесе селекционото право на себе и да бара надомест на штета од тоа лице.
(2) Барањето од ставот (1) на овој член може да се поднесе наредниот ден после објавување на пријавата, но не покасно од пет години од објавувањето на пријавата во "Службен весник на Република Македонија".
(3) Доколку правото добиено без правен основ согласно со ставот (1) од овој член, е пренесено на трето лице, решението за преносот на право Управата ќе го одземе по барање на лицето кое има правен основ.

(4) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба до Владата на Република Македонија - Комисија за решавање на управни работи во втор степен од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и ветеринарството.

**Член 38**
**Бришење на името на сортата**

(1) Регистрираното име на новата сорта се брише од регистарот на пријави за заштита на нова сорта и регистарот на заштитени нови сорти во случаи, ако:
- подносителот на пријавата или носителот на селекционото право тоа го побара, а во барањето за бришење на името на сортата мора да бидат наведени причините за бришење и предлог за новото име,
- дополнително се утврди дека името на сортата е регистрирано и покрај постоењето на причини за одбивање согласно со членот 10 од овој закон и
- на носителот или на друго лице му е забрането да го употребува, односно користи тоа име.

(2) Управата по писмен пат го известува подносителот на пријавата или носителот на селекционото право за предлогот или барањето за бришење на името на новата сорта и го повикува да достави предлог за ново име во рок од три месеца од приемот на барањето.

(3) После спроведената постапка согласно со членот 30 од овој закон, предложеното име се запишува во соодветниот регистар и се објавува во "Службен весник на Република Македонија", а истовремено претходното име се брише од регистарот.

**Член 39**
**Враќање во претходната сосотојба**

(1) Ако подносителот на пријавата, носителот на селекционото право или трето лице во постапката за заштита на нова сорта, поради оправдани причини во предвидениот рок не ги плати трошоците и таксите или не ги исполни другите обврски кон Управата, поради што ги изгубил своите права согласно со членот 36 од овој закон, може да побара враќање на тие права.

(2) Барањето се поднесува во рок од два месеца од завршувањето на причините за неисполнувањето, ненамирувањето или неизвршувањето на обврските, но најдоцна една година од истекот на рокот за неисполнувањето, ненамирувањето или неизвршувањето на обврските.

(3) Кон барањето се приложува образложение за неисполувањето, неизвршувањето или ненамирувањето на обврските, како и доказ за неплатена такса и трошоци.

(4) Ако барањето за враќање во поранешна состојба се прифати, Управата одредува нов рок во кој треба да се извршат или намират неизвршените обврски, кој не може да биде подолг од една година, сметајки од денот на приемот на решението за прифаќање на барањето.

(5) Подносителот на барањето за враќање во поранешна состојба нема право да бара надоместок на штета, ако во времето меѓу губењето на правото и неговото враќање, заштитената нова сорта била предмет на користење или на склучен договор за користење на заштитена нова сорта.

VI. ПРЕНОС И ОТСТАПУВАЊЕ НА СЕЛЕКЦИОНОТО ПРАВО

**Член 40**
**Договор за пренос на селекционото право**

(1) Носителот на селекционото право може во целост или делумно да го пренесе селекционото право на друго лице.
(2) Лицето кое има право да поднесе пријава, односно подносителот на пријавата може правото за поднесување на пријава за заштита на новата сорта или правата од поднесената пријава за заштита на новата сорта да ги пренесе на друго лице.
(3) Договорот за пренос на селекционо право мора да биде составен во писмена форма и потписите од договорените страни да бидат заверени кај нотар.
(4) Договорот од ставот (3) на овој член се запишува во соодветен регистар кој се води во Управата.
(5) Договорот од ставот (3) на овој член кој не е составен во писмена форма и не е заверен кај нотар не произведува правно дејство.
(6) Договорот за пренос на селекционо право што не е запишан во соодветен регистар од членот 21 на овој закон не произведува дејство кон трети лица.

**Член 41**
**Договор за лиценца**

(1) Носителот на селекционото право може со договор за лиценца целосно или делумно да го пренесе селекционото право за економско користење на заштитената нова сорта на трето лице. Договорот за лиценца мора да биде составен во писмена форма.
(2) Ако носители на селекционото право се повеќе лица, за склучување на договор за лиценца е потребна согласност од сите тие лица.
(3) Доколку не постои согласност за склучување на договор за лиценца од ставот (2) на овој член за отстапување на селекционото право на користење, се применуваат прописите од областа на сопственоста.
(4) Договорот за лиценца кој не е составен во писмена форма не произведува правно дејство.
(5) Договорот за лиценца, по барање на една од договорените страни, се запишува во соодветниот регистар кој се води во Управата.
(6) Договорот за лиценца кој не е запишан во соодветен регистар од членот 21 на овој закон не произведува правно дејство кон трети лица.

**Член 42**
**Содржина на договорот за присилна лиценца и доделување на присилна лиценца**

(1) Договорот за лиценца мора да содржи одредби за предметот, времетраењето на лиценцата, обемот на лиценцата, назначување дали лиценцата е исклучителна, како и висината на надоместокот за отстапеното користење на селекционото право, ако надоместокот е договорен.

(2) Во договорот за лиценца ништавна е секоја одредба со која на корисникот на лиценцата му утврдуваат ограничувања, кои не произлегуваат од селекционото право што е предмет на договор или која е потребна за зачувување на тоа право.
(3) Доколку постои јавен интерес, а заштитената нова сорта економски не се користи или недоволно се користи од носителот на селекционото право или со негово овластување од други лица и не постои интерес за склучување на договор за пренос на право на друго лице заради користење или поставува неоправдани услови за пренос на тоа право, може да се додели присилна лиценца на друго лице.
(4) Присилната лиценца може да се додели само на лице кое ќе докаже дека располага со материјал за размножување, како и со стручни, технички и финансиски услови за користење на селекционото право.
(5) Присилна лиценца нема да се додели ако носителот на селекционото право докаже дека постојат оправдани причини за неискористување или недоволно искористување на заштитената нова сорта.
(6) Присилната лиценца нема да се додели ако од денот на доделувањето на селекционото право до денот на поднесувањето на барањето за доделување на присилна лиценца не поминале најмалку три години.
(7) Со присилна лиценца само носителот на лиценцата добива право за целосно или делумно вршење на дејствијата од членот 15 на овој закон, делумно или во целина, заради снабдување на домашниот пазар.
(8) Присилна лиценца може да се додели за период од најмалку три години, но не повеќе од пет години.
(9) Присилната лиценца може да се продолжи ако при повторно испитување на условите од ставот (1) на овој член се утврди дека уште постојат причини за доделување на присилна лиценца. По барањето за доделување, односно продолжување на присилна лиценца одлучува Управата.
(10) Пред донесување на решение за давање на присилна лиценца, Управата може да побара мислења од заинтересирани здруженија.
(11) Во случај на доделување на присилна лиценца на сопственикот на селекционото право му следи соодветен надоместок.
(12) Носителот на селекционото право во договор со лицето на кое му е доделена присилната лиценца, ја определува висината на надоместокот од ставот (11) на овој член.
(13) Доколку не се постигне договор за висината на надоместокот од ставот (12) на овој член, истиот го одредува Управата во зависност од видот и сортата и категоријата на семенскиот материјал.
(14) Управата врз основа на присилната лиценца може да побара од носителот на селекционото право на носителот на присилната лиценца да му обезбеди доволно количество на семенски материјал за размножување и користење на сортата. За материјалот за размножување носителот на селекционото право добива соодветен надоместок од носителот на присилната лиценца во зависност од видот и сортата и категоријата на семенскиот материјал.
(15) При присилна лиценца, носителот на селекционото право може да побара од стручна институција, овластена за вршење на стручна контрола

над производството на материјалот за размножување, податоци за производство на материјалот за размножување на заштитената сорта.

VII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА СЕЛЕКЦИОНОТО ПРАВО

**Член 43**
**Средства за вршење на активности за одржување и на селекционото право**

(1) За финансирање на поставување на компаративните испитувања и чување на дефинитивните примероци во ген банка, средства се обезбедуваат согласно со годишната Програма за заштита на нови сорти.

(2) Покрај средствата од ставот (1) на овој член за одржување на селекционото право, средства се обезбедуваат и од надоместокот што го плаќа носителот на селекционото право.

(3) Надоместокот од ставот (2) на овој член се плаќа на почетокот на календарската година, најдоцна до 31 јануари.

(4) Рокот од ставот (3) на овој член може на образложено барање на носителот на селекционото право да се продолжи до шест месеца од уредната достава на известувањето.

(5) Ако и по истекот на дополнителниот рок од ставот (3) на овој член, надоместокот за одржување на селекционото право не е платен, правото престанува да важи.

(6) Висината на надоместокот од ставот (2) на овој член ја определува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за финансии во зависност од видот и сортата на растението и категоријата на семенскиот материјал и истите се приход на Буџетот на Република Македонија.

**Член 44**
**Одржување на заштитената сорта**

(1) Додека трае заштитата на новата сорта, носителот на селекционото право е должен да ја одржува заштитената сорта, односно да ги сочува нејзините наследни својства непроменети.

(2) По барање на Управата носителот на селекционото право мора да обезбеди за Управата документи или материјали за размножување потребни за проверка на одржувањето на сортата.

(3) Ако со проверката се утврди дека носителот на селекционото право не ја одржува сортата, Управата отпочнува постапка за укинување, односно поништување на тоа селекционо право.

**Член 45**
**Заштитена мостра**

(1) Носителот на селекционото право мора во определен рок да и достави на Управата заштитна мостра од семенски материјал за размножување на заштитената нова сорта за:

- обновување на заштитениот примерок,
- вршење на компаративни испитувања со другите сорти кои се во постапка на заштита и

- чување во ген банка.
(2) Управата може да го овласти носителот на селекционото право, сам да ја чува или обновува заштитната мостра на материјалот за размножување, ако има соодветни услови за чување.

**Член 46**
**Право на информираност при прекршување на правото**

(1) Ако без договор, односно спротивно од договорот со носителот на селекционото право, лицето стопански искористува и произведува материјал за размножување од заштитената нова сорта, е должно на барање на носителот на правото да ги даде сите потребни податоци.
(2) Ако податоците не се дадат доброволно, носителот на селекционото право може да побара од Управата да донесе решение со кое му наредува на прекршителот да ги достави бараните податоци.
(3) Против решението од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба до министерот.
(4) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

VIII. СУДСКА ЗАШТИТА

**Член 47**
**Тужба за надоместок на штета**

(1) Лице кое го прекршило правото од пријавената, односно заштитената нова сорта е одговорно за штета по општите прописи за надоместок на штетите.
(2) Лицето чии права биле прекршени може, покрај надоместок на отштета, да бара на лицето кое ги прекршило правата да му се забрани натамошно прекршување на правата.
(3) Прекршување на селекционото право е секое неовластено економско искористување на заштитената нова сорта, односно производство, доработка, пуштање во трговија, извоз или увоз, без претходна согласност на носителот на селекционото право на заштитената нова сорта.

**Член 48**
**Тужба за прекршување на селекционото право**

(1) Тужба поради прекршување на селекционото право може да се поднесе во рок од три години од денот кога тужителот дознал за прекршителот, односно за прекршокот. По истекот на пет години од денот кога е сторен прекршокот не може да се поднесе тужба.
(2) Тужбата од ставот (1) на овој член се поднесува до надлежен суд.

IX. НАДЗОР

**Член 49**
**Спроведување**

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 50 Надзор на земјоделски инспектор

(1) Надзорот над спроведување на одредбите од членовите 11, 15, 16 и 46 на овој закон го врши Државниот инспекторат за земјоделство преку државни инспектори за земјоделство, а на граничните премини фитосанитарните инспектори.

(2) Кога при вршење на надзорот оправдано ќе се посомнева дека е направен прекршок, државниот земјоделски инспектор привремено ги запленува предметите кои биле употребени или наменети за прекршокот или настанале со прекршокот.

(3) Државниот инспектор за земјоделство ги предава предметите кои привремено ги запленил, веднаш со предлогот за поведување на прекршочна постапка.

**Член 51**

**Надзор на фитосанитарен инспектор**

(1) Доколку сопственикот на селекционото право посочи на можноста дека со извозот на одреден материјал на заштитената нова сорта од Република Македонија или при увозот во Република Македонија, неговото селекционо право може да биде прекршено, фитосанитарниот инспектор на граница може на негов предлог да одреди:

- сопственикот или неговиот застапник да го прегледа тој материјал и
- материјалот да се заплени, исклучи од трговија и да се складира.

(2) Во предлогот од ставот (1) на овој член носителот на селекционото право на фитосанитарниот инспектор треба да му достави поблизок опис на материјалот од заштитената нова сорта, задоволителни докази за селекционото право и за негово веројатно кршење.

(3) На барање на фитосанитарниот инспектор сопственикот мора да депонира кауција за евентуална штета која би настанала со тие мерки.

(4) Фитосанитарниот инспектор за спроведените мерки веднаш го известува извозникот, односно увозникот или примачот на семенскиот материјал на заштитената нова сорта, ако се работи за увоз на семенски материјал на заштитена нова сорта во Република Македонија.

(5) Фитосанитарниот инспектор ги отповикува применетите мерки, ако носителот на селекционото право во рок од седум дена не поднесе тужба.

X. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 52**

**Глоби**

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на правно лице, ако:

- без дозвола од сопственикот на селекционото право произведува или размножува семенски материјал и подготвува материјал од заштитената сорта за размножување (член 15 ставови (1) и (2)) и
- пушти во трговија, увезе или извезе семенски материјал од заштитена нова сорта без да ги исполнува условите согласно со овој закон (членови 14,15,16,17 и 18).

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за

прекршокот од ставот (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.
(3) Глоба во износ од 200 до 800 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе се изрече на физичко лице.

**Член 53**
**Глоби**

(1) Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на правно лице, ако:
- во спротивност со членот 11 став (1) од овој закон пушти во трговија семенски материјал од заштитена нова сорта, доколку притоа не е наведено регистрираното име на сортата или доколку името не е правилно наведено,
- во спротивност со членот 11 став (5) од овој закон употреби име по овој закон на заштитена нова сорта или име кое може да се замени со некоја друга сорта од ист или сроден вид и
- во спротивност со членот 16 став (3) од овој член, односно членот 46 од овој закон на сопственикот не му ги дава бараните податоци.
(2) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.
(3) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на физичко лице.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 54**
**Усогласување на работењето**

(1) Селекционото право на сортата која била заштитена до влегувањето во сила на овој закон, продолжува до истекот на рокот на добиеното селекционо право.
(2) Селекционото право за сортата од ставот (1) на овој член може да се поништи или укине пред истекот на рокот за важење само доколку се утврди дека при доделувањето на тие права не биле исполнети условите во поглед на различност, еднообразност и стабилност.

**Член 55**
**Престанување на важење на претходниот закон**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од членовите 61 до 85 на Законот за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сорта ("Службен весник на Република Македонија" број 41/2000).

**Член 56**
**Влегување во сила**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".